Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 18.04.2021

На 17.04.2021 во 13,10 часот полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во угостителски објект на ул.“120“ во Тетово кој бил отворен и во кој биле послужени неколку гости. Објектот бил времено затворен од Државен пазарен инспекторат, а сопственичката Ј.Б.Н.(49) била лишена од слобода и по целосното документирање на случајот ќе биде поднесена кривична пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (17.04) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 160 мерки, меѓу кои за возење побеќе од дозволената брзина 77, девет санкции за возење без возачка дозвола, две за недавање првенство на минување на пешаци. Изречени се пет санкции за користење мобилен телефон, две за непрописно престројување, три санкции за нерегистрирани возила, две за минување на затворен сигнал (црвено светло) и 31 мерка за непрописно паркирани возила.

На 17.04.2021 во 09,50 часот било пријавено дека на магистралниот пат Охрид –Кичево кај с.Ново село патничко моторно возило “форд мондео“ со тетовски регистарски ознаки, управувано од С.Џ.(47) од Тетово излетало надвор од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Специјална болница “Св.Еразмо“ во Охрид. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Охрид.

На 17.04.2021 во 19,15 часот во Полициската станица Гази Баба Л.Д.(43) од Скопје пријавила дека на ул.“Благоја Стефковски“ била касната од куче скитник.

На 17.04.2021 во 12,00 часот во Полициската станца Центар Д.Ц.(28) од Охрид пријавил дека на ул.“Светиниколска“ бил каснат од куче скитник.

СВР Велес, СВР Штип и СВР Битола поднесоа кривични пријави против М.Ј.(26) од село Криволак, неготинско, Г.И. од село Град, делчевско и И.Д.(20) од село Вардино, демирхисарско поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Пријавените, на 07.04.2021 се движеле без дозвола за движење за време на ограничувањата дадени од страна на Владата на Република Северна Македонија за забрана за движење на возила и лица во периодот од 20.00 до 05.00 часот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против И.М.(50) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори”. На 05.02.2021 во Кичево, полициски службеници извршиле претрес во домот и други простории кај И.М., при што пронашле и одзеле марихуана, дигитална вага и дробилка со остатоци од марихуана...

Во текот на вчерашниот ден (17.04) Секторот за внатрешни работи Битола спроведе акциска контрола за санкционирање на возачите кои возат со брзина поголема од максимално дозволената, при што превземени се 79 мерки, од кои 36 на битолското и 43 на поширокото прилепско подрачје. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 17.04.2021 во 13,45 часот во Полициска станица Неготино било пријавено дека околу 13,00 часот при изведување воени вежби на војниот полигон „Криволак“ припадник на Армијата се здобил со прострелна рана од пиштол во пределот на стапалото. Повредениот бил пренесен во Општата болница Кавадарци за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на ОВР-Кавадарци.

На 17.04.2021 година Полициската станица за безбедност во патниот сообраќај Охрид, спроведе засилени акциски контроли при што, затекнати и санкционирани се 15 возачи на моторни возила кои извршиле неправилно престигнување на места каде престигнувањето е забрането. Дополнително евидентирале и 06 други прекршоци.

На 16.04.2021 година, на улицата „Кузман Јосифоски Питу“ во Струга, полициските службеници при преглед кај Б.Д.(40) од струшкото село Ливада, пронајдоа и одзедоа нож. Тој е приведен и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.04.2021 година, Г.Д.(43) од Кичево пријавил дека на булеварот „Ослободување“ во Кичево бил нападнат од куче скитник.

На 17.04.2021 во 18,30 часот Г.П.Д.(36) од Битола пријавил дека истиот ден околу 16,30 часот во Битола неговиот малолетен син бил физички нападнат од К.П. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.04.2021 во 18,00 часот Ш.А.(34) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 16,00 часот на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат со остар премет од Е.У.(34) од Скопје. По целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.04.2021 во 19,00 часот Ф.Б.(30) од Тетово пријавила дека во Тетово по претходна вербална расправија околу случена сообраќајна незгода била физички нападната од Н.М.(32) од Тетово. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.04.2021 во Полициска станица Центар, Д.Р.(20) од Скопје пријавил дека околу 20 часот на подрачје на Центар бил физички нападнат со метален предмет од две лица кои му одзеле пари, мобилен телефон и други предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.04.2021 во 01,53 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Чаирска“ настанал пожар при што бил опожарен трансформатор на ЕВН. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Скопје.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет